Член 2

Во Прилог 1 Образец П-СХВ, по зборовите: „печат и потпис", како и по зборот: „потпис" се додаваат зборовите: „односно квалификуван дигитален сертификат".

Член 3

Во Прилог 2 Образец П-ДХВ, по зборовите: „печат и потпис", како и по зборот: „потпис" се додаваат зборовите: „односно квалификуван дигитален сертификат".

Член 4

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за формата и содржината на податоците за издадените хартии од вредност.

Член 5

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 03-163/3
12 мај 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска**, с.р.

---

**2401.**

Врз основа на член 23 став (3) и став (7) и член 190 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" број 95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13 и 188/13), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, на седницата одржана на ден 12.5.2014 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА ЗАТВОРАЊЕ НА ЈАВНАТА ПОНУДА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПО ОСНОВ НА ПОСТИГНАТ ПРОЦЕНТ НА УСПЕШНОСТ**

Член 1

Во Правилникот за содржината на известувањето за затворање на јавната понуда на хартии од вредност по основ на постигнат процент на успешност („Службен весник на РМ" бр.6/2007) во член 2 се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„(4) Известувањето од став 1 и 2 на овој член до Комисијата за хартии од вредност може да се поднесе во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат.

(5) Доколку известувањето се поднесува во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат, не е потребно да содржи печат на издавачот."

Член 2

Во Образецот И-ЗЈП по зборовите: „печат и потпис", како и по зборот: „потпис" се додаваат зборовите: „односно квалификуван дигитален сертификат".

Член 3

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за содржината на известувањето за затворање на јавната понуда на хартии од вредност по основ на постигнат процент на успешност.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 03-164/3
12 мај 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска**, с.р.

---

**2402.**

Врз основа на член 24 став (2) и член 190 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" број 95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13 и 188/13), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, на седницата одржана на ден 12.5.2014 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО ЗА ИСХОДОТ НА ЈАВНАТА ПОНУДА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на известувањето за исходот на јавната понуда на хартии од вредност („Службен весник на РМ" бр.6/2007) во член 2 се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Известувањето од став 1 и 2 на овој член до Комисијата за хартии од вредност може да се поднесе во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат.

(4) Доколку известувањето се поднесува во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат, не е потребно да содржи печат на издавачот.“

Член 2

Во член 5 се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„(4) Известувањето од став 1 и 2 на овој член до Комисијата за хартии од вредност може да се поднесе во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат.

(5) Доколку известувањето се поднесува во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат, не е потребно да содржи печат на издавачот.“

Член 3

Во Прилог 1 на овој Правилник во Образецот „Известување за запишани и платени хартии од вредност од јавна понуда“ по зборовите: „печат и потпис“, како и по зборот: „потпис“ се додаваат зборовите: „односно квалификуван дигитален сертификат“.

Член 4

Во Прилог 2 на овој Правилник во Образецот И-ЈП „Известување за реализација на јавна понуда на хартии од вредност“ по зборовите: „печат и потпис“, како и по зборот: „потпис“ се додаваат зборовите: „односно квалификуван дигитален сертификат“.

Член 5

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за формата и содржината на известувањето за исходот на јавната понуда на хартии од вредност.

Член 6

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 03-165/3
12 мај 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска**, с.р.

**2403.**

Врз основа на член 190 и член 47 став 5 од Законот за хартии од вредност („Сл. весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 и 43/2014), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, на седницата одржана на ден 12.5.2014 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ДИРЕКТОР НА ДЕПОЗИТАР НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Член1

Во Правилникот за начинот и постапката на давање согласност за именување на директор на депозитар на хартии од вредност („Сл.весник на РМ“ бр. 6/2007 и 84/2008), во членот 2 по зборот „писмена“ се додаваат зборовите: „или електронска“.

Член 2

Во членот 2 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Барањето може до Комисијата за хартии од вредност на РМ, да се поднесе во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат“.

Член 3

Во членот 4 по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3 кои гласат:

(2) „Изјавите од став 1 точка 7 и 8 на овој член може до Комисијата за хартии од вредност на РМ, да се поднесат во електронска форма потпишани со квалификуван дигитален сертификат“.

(3) „Изјавите од став 1 точка 7 и 8 на овој член не се заверуваат кај нотар ако се поднесуваат во електронска форма потпишани со квалификуван дигитален сертификат“.

Член 4

Во Прилог 1 од Правилникот, во Образецот Б-СДД во точка 6 по зборот „потпис“ се додаваат зборовите: „односно квалификуван дигитален сертификат“.

Член 5

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за начинот и постапката на давање согласност за именување на директор на депозитар на хартии од вредност.

Член 6

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 03-167/3
12 мај 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска**, с.р.